Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на **ДПТУУ Станбен управител Дооел - Скопје**, за сечење и кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 7 (седум) дрвја (кедари), како и кастрење на 7 (седум) дрвја (6 кедари и платан) што се наоѓаат **на Бул."Партизански Одреди" бр. 4 влез 1,2 и 3 – Скопје.**
2. Сечењето и кастрењето на дрвјата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
4. Се обрзува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение, да изврши компензациско садење на 7 (седум) дрвја , постари од 6 години, на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно, во пречник од 500 м од исечените стебла.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ДПТУУ Станбен управител Дооел - Скопје, ул. "Наум Наумовски Борче" бр.87/1 лок.1 - Скопје, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/961** од **07.10.2026** година, за сечење и кастрење на дрвјата што се наоѓаат **на Бул."Партизански Одреди" бр. 4 влез 1,2 и 3 – Скопје.**

Службеникот од Град Скопје заедно со службеното лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвјата што се за сечење се навалени, со плитки корени видливи на површината, истите се високи и можат да паднат и причинат материјална и друга штета, а пак од дрвјата што се за кастрење, на кедарите потребно е да им се намали висината на стеблата, а на платанот да се искастрат гранките поради широкоразгранета крошна.

Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската, да се изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и е одлучено 7 (седум) дрвја да бидат искастрени, а 7 (седум) дрвја да бидат исечени бидејќи така е констатирано поради состојбата на дрвата .
На ЈП “Паркови и зеленило” – Скопје му е наметнато компензациско садење за дрвјата за кои е дозволено сечење.
Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/961/2**
19.10.2026 година
Скопје

Доставено до:Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил
Марија Стојановска

_____

Раководител на одделение
Емил Дуровиќ

_____

Пом.раководител на сектор
Петар Гичаровски

_____

Раководител на сектор
Зоран Лапевски

_____

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески

_____